**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203-41/1**
**Скопје, 11.01.2007 година**

**До**

**ВРХОВЕН СУД НА РМ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи за 2005 година на Врховен суд на РМ-сметка за редовно работење, кои се прикажани на страните од 4 до 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Врховен суд на РМ-сметка за редовно работење за 2004 годината и е дадено мислење со резерва.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

   - Дане Илиев, Претседател на Врховен суд на РМ

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 3 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија од 14.11.2006 година до 11.12.2006 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот.



***Овластен државен ревизор***

______________________

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната установа на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

***10.1. Неправилна примена на акти:***

10.1.1. Врховен суд на РМ во текот на 2005 година има склучено од 13 до 15 договори за дело за извршување на работи и работни задачи кои произлегуваат од работен однос, спротивно на Законот за работни односи. Со писмо број 1078-1/05 од 23.12.2005 година, побарана е согласност за три вработувања од Судски буџетски совет, за кое во текот на 2005 година не е добиена. Претходното има влијание врз остварувањето на работите и работните задачи на субјектот и ефикасноста на истиот.

Иако станува збор за работи и работни задачи кои произлегуваат од работен однос, со склучувањето на договорите, лицата согласно Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност го губат статусот на осигурени лица како невработени лица кои се пријавуваат во Агенцијата за вработување, со што не им се обезбедени никакви права од работен однос меѓу кои и правото од задолжително здравствено осигурување.

Годишниот сумарен преглед на движење на предметите на судот во 2005 година е прикажан преку следниов графикон:




**Препорака:**

Да се доставуваат барања до Судскиот буџетски совет за пополнување на работни места кои се предвидени со Правилникот за систематизација на работните места на субјектот.

10.1.2. Заклучно со месец мај 2005 година исплатен е износ од 1.404 илјади денари за правосуден паушал инкорпориран во основните плати на судиите, спротивно на Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката, поради постапување по Заклучокот на Владата од 31.03.2003 година, кој го инкорпорира истиот во основни плати-функционери без законски основ и има влијание на зголемување на расходите за плати.

Со донесување на Закон за изменување на законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката и Закон за дополнување на Законот за исплата на плати во Република Македонија е регулирана исплатата на правосуден паушал за судиите.

***10.2. Ненаменско и незаконско користење на средства:***

*Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки*

*10.2.1.* Со ревизија на јавните набавки кај Врховен суд на РМ се утврди следното

- Вршени се поправка и одржување на опрема, осигурување на опрема, набавка на пијалоци и друго, во вкупен износ од 379 илјади денари, без спроведена постапка за јавна набавка (Прилог бр.1).

Неспроведувањето на постапки за јавни набавки создават можност за примена на необјективни критериуми за избор на најповолен добавувач, повластена положба на одредени добавувачи и можност за набавки по зголемени цени.

11. Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, според сите значајни аспекти финансиската состојба на Врховен суд на РМ, под 31 Декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, кај Врховен суд на РМ е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

13. ***Прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на Врховниот суд на РМ во текот на ревизијата, а се однесува на:***

13.1. Во текот на ревизијата со налог за книжење број 130 од 05.12.2006 година, зголемена е исправката на вредноста на ситниот инвентар во употреба, а намален останат капитал (залиха на материјали, резервни делови и ситен инвентар) за износ од 224 илјади денари, поради погрешно евидентирање во сметководствената евиденција.

13.2. Во текот на ревизијата со налог за книжење број 1 од 01.01.2006 година, намалена е вредноста на опремата и исправката на вредноста на опремата за износ од 390 илјади денари, поради погрешно евидентирање на расходована опрема во сметководствената евиденција.

13.3. Во текот на ревизијата со налог за книжење број 2 од 15.03.2006 година, зголемена е вредноста на државниот капитал и исправката на вредноста на опремата за износ од 113 илјади денари, поради погрешно пресметана амортизација.

**Скопје, 10.01.2006 година** **Овластен државен ревизор**

**Врховен суд на Република Македонија**
**Средства од судскиот буџет**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година**

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2005** | **2004** |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 50,006 | 41,459 |
| **Вкупно приходи** | **50,006** | **41,459** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 40,244 | 31,002 |
| Резерви и недефинирани расходи | 112 | 425 |
| Стоки и услуги | 9,575 | 9,846 |
| Субвенции и трансфери | 75 | 98 |
| **Вкупно тековни расходи** | **50,006** | **41,371** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | - | 88 |
| **Вкупно капитални расходи** | **-** | **88** |
| **Вкупно расходи** | **50,006** | **41,459** |
| **Остварен вишок на приходи** | **-** | **-** |

**Врховен суд на Република Македонија**
**Средства од судскиот буџет**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Активни временски разграничувања | 4,318 | 3,445 |
| Залихи | 663 | 1,574 |
| **Вкупно тековни средства** | **4,981** | **5,019** |
| **Постојани средства** | | |
| Нематеријални средства | 132 | - |
| Материјални средства | 30,757 | 32,567 |
| **Вкупно постојани средства** | **30,889** | **32,567** |
| **Вкупна актива** | **35,870** | **37,586** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 539 | 557 |
| Краткорочни финансиски обврски | 149 | 190 |
| Обврски спрема државата и други институции | 26 | 19 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 3,604 | 2,679 |
| **Вкупно тековни обврски** | **4,318** | **3,445** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 31,552 | 34,141 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **31,552** | **34,141** |
| **Вкупна пасива** | **35,870** | **37,586** |

**Врховен суд на Република Македонија**
**Средства од судскиот буџет**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **32,567** | **809** | **33,376** |
| **Зголемување по основ на:** | **7,910** | **795** | **8,705** |
| Набавки | 11 | 648 | **659** |
| Преотстапени постојани средства | 7,199 | - | **7,199** |
| Корекции од субјектот | 700 | 147 | **847** |
| **Намалување по основ на:** | **9,588** | **941** | **10,529** |
| Потрошени материјали | - | 717 | **717** |
| Кусок | 7 | - | **7** |
| Амортизација | 9,949 | - | **9,949** |
| Корекции од субјектот | (368) | 224 | **(144)** |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **30,889** | **663** | **31,552** |